ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА 2016 ГОДИНА

**Декември, 2015**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

## ВОВЕДЕН ДЕЛ

Врз основа на член 15 став (1) од Законот за инспекциски надзор (Сл. Весник на РМ бр.50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15 и 193/2015), Директорот на Државниот Инспекторат за животна средина ја доставува Ревидираната Годишна Програма до Инспекцискиот Совет.

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА 2016 ГОДИНА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Државниот Инспекторат за животна средина, од стратешка гледна точка своите активности ги реализира согласно Стратегијата за работа на Инспекторатот, како и согласно Годишната Програма, Кварталните и Месечните Планови за работа.

Донесувањето на Годишната Програма како и Кварталните и Месечните Планови овозможува дефинирање на цели, мерки и активости кои што обезбедуваат реализација на активностите, како и следење на реализацијата на истите со што се креираат предуслови за остварување на јавниот интерес, заштита на животната средина, природата и водите.

Содржината на Годишната програма за работа на Државниот Инспекторат за животна средина е во согласност и со Правилникот за содржината, формата и начинот на донесување на планот за вршење инспекциски надзор (Сл. Весник на РМ бр.128/07), кој произлегува согласно Законот за животната средина.

# ГЛАВЕН ДЕЛ

## I. ВОВЕД

Државниот Инспекторат за животна средина е орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање, со својство на правно лице.

Согласно Правилникот за организација на Државниот Инспекторат за животна средина изработена е и актуелната систематизација и органограм на ДИЖС за кој е добиена писмената согласност во месец декември 2015 година од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

Заради остварување на законските надлежности, обединување на повеќе меѓусебно поврзани функции, како и заради организирање, следење и координирање на работите од надлежност на одделенијата во нивните состави и унапредување на нивната меѓусебна соработка, како и заради непосредно извршување на нормативно-правни, стручно-аналитички, управни, информатичко–технолошки, оперативни и стручно-адмнистративни работи, во Инспекторатот се формираат следните оранизациски единици:

(1) **Сектор за инспекциски надзор во животната средина и природата** со следните одделенија:
- подрачно одделение за инспекциски надзор во животната средина и природата за Скопски регион;
- подрачно одделение за инспекциски надзор во животната средина и природата за Полошки регион;
- подрачно одделение за инспекциски надзор во животната средина и природата за Североисточен и источен регион;
- подрачно одделение за инспекциски надзор во животната средина и природата за Пелагониски и Југозападен регион и

- подрачно одделение за инспекциски надзор во животната средина и природата за Југоисточен регион.

Секторот за инспекциски надзор во животната средина и природата се состои од пет подрачни одделенија и ги врши следните работи:

- ја остварува и спроведува годишната програма за работа на Инспекторатот;
- врши инспекциски надзор од областа на животната средина и природата;
- изготвува планови и извештаи за работата на Секторот согласно прописите за инспекциски надзор и прописите од областа на животната средина и природата;
- изготвува информации и други потребни документи за спроведување на прописите од областа на животната средина и природата;
- доставува мислења и предлози до Секторот за координација на работата на Државниот инспекторат за животна средина за покренување иницијатива за измена и дополнување на прописите од областа на животната средина и природата како и за подготовка на други документи од областа на Инспекторатот;
- врши редовно и навремено ажурирање на електронската база на податоци на Инспекторатот од извршените инспекциски надзори и се грижи за нивната точност и
- соработува со другите организациони единици во Инспекторатот за работи кои се од заеднички интерес за Инспекторатот.

(2) **Сектор за водостопанска инспекција**, со следните одделенија:

- Подрачно одделение за водостопанска инспекција – Запад и
- Подрачно одделение за водостопанска инспекција – Исток.

Сектор за водостопанска инспекција се состои од две подрачни оддленија и ги врши следните работи:

- инспекциски надзор согласно законските прописи;
- ја остварува и спроведува годишната програма за работа на инспекторатот;
- изготвува планови и извештаи за работата на Секторот согласно прописите за инспекциски надзор и прописите од областа на водите;

- изготвува информации за спроведување на прописите од областа на водите и животната средина и дава мислења за подготовка на материјали и документи од надлежност на Инспекторатот;
- доставува мислења и предлози до Секторот за координација на работата на Државниот инспекторат за животна средина за покренување иницијатива за измена и дополнување на прописите од областа на животната средина и водите како и за подготовка на други документи од областа на Инспекторатот;
- обезбедува редовно и навремено ажурирање на електронската база на податоци на Инспекторатот од извршените инспекциски надзори и се грижи за нивната точност и
- соработува со другите организацион единици во Инспекторатот за работи кои се од заеднички интерес за Инспекторатот.

(3) **Сектор за координација на работата на Државниот инспекторат за животна средина со** следните одделенија:
- Одделение за правни и административни работи и
- Одделение за аналитика, меѓународна соработка и проекти во животната средина.

Секторот за координација на работата на Државниот Инспекторат за животна средина ги врши следните работи:
- ја координира подготовката на планските и стратешките документи од надлежност на Инспекторатот;
- ги следи и применува прописите од делокруг на Секторот;
- ја координира подготовката на мислења, информации и други документи од областа на животната средина со другите организациони единици во рамките на Инспекторатот;
- остварува соработка во областа на нормативно-правните работи со другите органи, а особено со Министерството за животна средина и просторно планирање;
- покренува иницијатива за изменување и дополнување на прописите од областа на животната средина;
- го следи текот на прекршочните и кривичните постапки пред надлежните органи, а во кои Инспекторатот се јавува како странка;
- постапува по претставките доставени до Инспекторатот;
- ја координира подготовката и реализацијата на проекти од областа на животнта средина;

- предлага иницијативи за соработка во областа на животната средина;
- ја координира подготовката на стратешкиот план на инспекторатот;
- се грижи за одржување и функционирање на електронската база на податоци на Инспекторатот;
- се грижи за одржување, функционирање и ажурирање на веб страната на Инспекторатот;
- се грижи за примена на прописите од областа на архивското и канцеларискиот работење како и прописите со кои се регулира работниот однос на вработените во Инспекторатот и
- врши и други работи кои се во надлежност на Секторот.

Со работата на Инспекторатот раководи Директор.

Раководител на Сектор е највисок административен службеник во Инспекторатот.

Во случај на отсуство или спреченост, Директорот го заменува административен службеник со сите негови овластувања и одговорности, врз основа на овластување од директорот на Инспекторатот.

Со секторите раководат административни службеници со звање раководител на сектор.

Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на сектор, со секторот раководи раководител на одделение, врз основа на овластување од Директорот.

Со одделенијата раководат административни службеници со звање раководител на одделение, а во случај на отсуство или спреченост на раководителот на одделението, со одделението раководи стручен административен службеник со највисоко звање во одделението кој го определува раководителот на секторот.

Во правилникот се утврдени и опишани вкупно 38 работни места на административните службеници, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на Државниот инспекторат за животна средина, од кои пополнети се 24, а распоредени се на следниов начин:

| Ниво | Систематизирани работни места | Пополнети работни места |
|---|---|---|
| А01 | | |
| Б01 | | |
| Б02 | 3 | 1 |
| Б03 | | |
| Б04 | 9 | 1 |
| В01 | 22 | 19 |
| В02 | | |
| В03 | | |
| В04 | 2 | 2 |
| Г01 | 1 | 1 |
| Г02 | | |
| Г03 | | |
| Г04 | 1 | |
| Вкупно | 38 | 24 |

## II. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ НАДЛЕЖНОСТИ

Основна функција на Државниот Инспекторат за животна средина е спроведување на инспекциски надзор во согласност со законските прописи и други правни акти со кои се регулирани прашања од сферата на заштитата на животната средина, природата и водите. Инспекторатот врши инспекциски надзор над примената на техничко-технолошките мерки за заштита на воздухот, водите, земјиштето, флората и фауната од деградирање и загадување, заштита на гео и биодиверзитетот, посебното природно богатство (Национални Паркови, споменици на природата, парк шуми, орнитолошки резервати и други заштитени подрачја со закон), заштита на озонската обвивка, заштита од штетна бучава емитирана во животна средина, превенција од еколошки инциденти.

Согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, Државниот Инспекторат за животна средина е орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање, а согласно измените и дополнувањето на Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр.187/2013) членот 194 став (7), Државниот Инспекторат за животна средина има својство на правно лице, со сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно со закон и одлучува за правата и обврските од работен однос.

Со Законот за животната средина се уредуваат начелата, надлежноста, организацијата на ДИЖС, како и постапките на инспекцискиот надзор. Цел на Законот е организирање на ефикасен систем на инспекциски надзор во областа на заштитата на животната

средина. Работењето на Инспекторатот покрај со Законот за животната средина е дефинирана и регулирана и со Законот за заштита на природата (Државните Инспектори за заштита на природата), Законот за Водите (Водостопанските Инспектори), како и триесетина други закони и повеќе од стотина подзаконски акти.

ДИЖС врши надзор во согласност со законските прописи и други правни акти со кои се регулирани прашања од сферата на заштитата на животната средина, природата и водите.

## III. МИСИЈА

Обврските и должностите на Државниот Инспекторат за животна средина проектирани на среден рок, ќе бидат фокусирани врз одржување на системот на заштита на животната средина во континуитет, особено од аспект на унапредување и контрола на системот на издадени дозволи и други одобренија (како Интегрирано Спречување и Контрола на Загадувањето-Еколошки Дозволи; решенија за одобрување на елаборати, дозволи за управување со неопасен, опасен отпад и различните текови на опасен отпад и други форми на сертификација на активности и дејности од аспект на заштита на животната средина) и спроведување на легислативата.

Примена и воспоставување на сите елементи на планирање, известување и други елементи на вршење на инспекциски надзор (согласно ЕУ документи и Препораката на ЕУ Парламентот за Минимум Критериуми за Инспекциските служби за животна средина – Recommendation of the EU Parliament and of the Council of April 04, 2001 providing for the Minimum Criteria for Environmental Inspections in the Member States (2001/331/EC 27.04.20101).

Својата мисија Државниот Инспекторат за животна средина ја остварува превентивно почитувајќи го начелото на превенција како основен постулат преку едуцирање на субјектите на надзор (организирање на обуки, семинари, работилници, издавање на брошури, информирање на индустриските оператори преку новиот Интернет портал на ДИЖС www.sei.gov.mk) или преку спроведување на инспекциски надзор над физичките и правните лица (субјекти на надзорот), како и изрекување на

соодветни инспекциски мерки со цел отстранување на утврдените неправилности.

## IV. ВИЗИЈА

Визијата на Државниот Инспекторат за животна средина е базирана врз обезбедување на здрава животна средина за сите граѓани како уставна категорија преку целосно и ефикасно спроведување на законодавството и усогласување на индустријата, вршителите на активности и дејности согласно законските прописи од областа на животната средина.

Дизајнирање, обновување на содржините и одржување на новата WEB – страна на ДИЖС, на која се достапни информации за секојдневната работа, со цел зголемување на информираноста на заинтересираните и обезбедување јавно и транспарентно претставување и правилно разбирање на улогата и надлежностите на инспекторатот.

Воспоставување, развој и одржување на сопствен организационен Информативен систем за управување со документи познат, како Bussiness Process Management System-BPMS односно Е-Инспекторат, кој ќе овозможи брзо, навремено, ефикасно и кавалитетно работење со документите, преку точно пребарување и процесирање на сите влезни документи.

## V. ВРЕДНОСТИ НА ИНСПЕКЦИСКАТА СЛУЖБА

Вредностите на Државниот Инспекторат за животна средина се базирани врз основа на основните начела на инспекцискиот надзор, како што се:

- примената на начелото на законитост на постапката;
- заштита на јавниот интерес;
- почитување на начелото на еднаквост, непристрасност и објективност;
- примена на начелото на материјална вистина;
- примена на начелото на сослушување на субјектите на надзорот;
- примена на начелото на самостојност;
- примена на начелото на јавност;
- примена на начелото на пропорционалност;
- примена на начелото на превенција;
- примена на начелото на субсидијарност.

Начелата се однесуват на сите видови нспекциски активности што ги спроведува Државниот инспекторат за животна средина и тие мора да гарантираат дека:

- Наодите од инспекцискиот надзор придонесуваат за подобрување на состојбата,
- Процесот на инспекциски надзор ја поттикнува вклученоста,
- Инспекцискиот надзор се спроведува отворено со оние кои се предмет на истиот и,
- Наодите од инспекцискиот надзор се основани, веродостојни и доследни.

Инспекцискиот надзор има за цел, да оценува и дијагностицира, да го оценува квалитетот и да обезбеди јасна основа за подобрување .

Целта на инспекцискиот надзор и процедурите кои ги користат државните инспектори од Државниот инспекторат за животна средина јасно им се соопштуваат на сите инволвирани во процесот на инспекциски надзор.

Инспекцискиот надзор ја поддржува и ја зема предвид секоја самоевалуција на оние кои се предмет на надзор.

Инспекцискиот надзор го спроведуваат инспектори со доволно и соодветно професионално искуство и обука, кое се надградува на годино ниво

Доказите се бележат и се од соодветен карактер, обем и квалитет за да ги обезбедуваат и оправдаат донесените заклучоци (судови).

Инспекцискиот надзор вклучува јасна и корисна усна повратна информација и води до Извештај кој го оценува работењето и квалитетот и ги идентификува предностите и подрачјата во кои е можно подобрување.

Инспекторите при вршење инспекциски надзор мора да ги почитуваат највисоките професионални стандарди кои се бараат во кодексот на однесување во Државниот инспекторат за животна средина, како и целосно воведување и почитување на ЕУ стандардите воспоставени за инспекциски надзор во оваа област.

Од инспекторите се очекува да :

- Оценуваат објективно, непристрасно, без претходна поврзаност што може да ја загрози нивната објективност,
- Достоинствено ја извршуваат својата работа,
- Со нивното однесување го намалат стресот кај лицата што се вклучени во инспекцискиот надзор и
- Одржуваат продуктивни разговори со лицата што се предмет на инспекциски надзор, да го пренесат јасно заклучокот и да ја почитуваат доверливоста на информациите.

## VI. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА

Правниот основ за донесување и подготовка на оваа програма е член 207-а став (2) од Законот за животна средина и член 15 став (1) од Законот за инспекциски надзор.

Исто така, треба да се споменат и подзаконските акти како „Правилник за содржината, формата и начинот на донесување на планот за вршење на инспекциски надзор“ (Службен весник на РМ бр.127/2007) и „Правилник за содржината на годишниот извештај за извршениот инспекциски надзор како и начинот и рокот за негово доставување“ (Службен весник на РМ бр. 71/2006) со што се спроведени т.н. „Препораки за минималните критериуми за вршење на инспекција во животната средина“ донесени од Европскиот Совет (Recommendation of the EU Parliament and of the Council of April, 04, 2001 providing for the Minimum Criteria for Environmental Inspections in the Member States (2001/331/EC 27.04.20101).

- УСТАВ на РМ

- Закон за животната средина

- Закон за заштита на природата

- Закон за управување со отпадот

- Закон за управување со пакување и отпад од пакување

- Закон за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори

- Закон за електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема

- Закон за квалитет на амбиентниот воздух

- Закон за контрола на емисии од испарливи органски соединенија при користење на бензини

- Закон за водите

- Закон за заштита од штетна бучава во животната средина

- Закон за генетски модифицирани организми

- Закон за инспекциски надзор,

како и следните закони:

- Закон за заштита на потрошувачите

- Закон за хемикалии

- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води

- Закон за минерални суровини

- Закон за општа управна постапка

- Закон за постапување по претставки и предлози

- Кривичен Законик

- Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер и останати закони од областа на заштитата на природата за прогласување на локалитети за споменици на природата и прогласување на национални паркови во РМ.

## VII. ЦЕЛИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ОСТВАРАТ СО ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

Цели кои треба да се остварат со инспекцискиот надзор се:

- зголемување на степенот на спроведување на законодавство од областа на животната средина во однос на 2015 година,
- целосно реализирање на кварталните планови на сите видови инспектори,
- практична примена на одредбите од законите, уредбите и правилниците од страна на правните субјекти кои се предмет на надзор,

- мониторинг на условите во еколошките дозволи и елаборатите за заштита на животната средина.
- превенција од евентуални штети предизвикани од секаков вид на неспроведување на задолженијата од дозволите и еколошките елаборати;
- навремено преземање мерки и санкции заради намалување или отстранување на последиците од неспроведување на законските одредби од страна на субјектите кои се предмет на надзор;
- воспоставување и спроведување законски процедури, мерки и активности за намалување на неправилностите во работењето и намалување на евентуалниот ризик по заштитата на животната средина;
- ефективно и ефикасно користење на капацитетите и човечките ресурси на субјектите предмет на инспекцискиот надзор во заштитата на животната средина;

## VIII. АНАЛИЗА НА ОЧЕКУВАНАТА СОСТОЈБА НА ОБЛАСТА НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

Инспекцискиот надзор се врши со цел, да се утврди примена на законитоста во индустриските капацитети. Пред и по извршениот инспекциски надзор, увидот на документацијата при надзорот и разгледаните списи Државниот инспекторат за животна средина врши анализа за:

- можен ризик при инспекциски надзор,
- постапувањето и превземени мерки од одговорното лице во правното лице согласно своите надлежности при спроведување на законските и подзаконските мерки во правниот субјект,
- постапување на физичкото лице при извршување на работните задачи утврдени со закон.

По извршената анализа Државниот инспекторат за животна средина на стручен колегиум го утврдува начинот на постапување со цел, да се овозможи

непречено извршување на надзорот, изготвување и доставување акти од надзорот до субјектот каде што се вршел инспекцискиот надзор.

При вршење инспекциски надзор извори за идентификување на ризик се:
- доставување податок од друга институција (лични податоци за правно, одговорно и физичко лице),
- некомплетна документација за оформување предмет,
- немање интернет конекција за време на вршење инспекциски надзор,
- оддалеченост на правниот субјект кој е предмет на инспекциски надзор (непристапност или друга непогода од природен и технички карактер).

Државниот инспекторат за животна средина, по идентификување на ризикот за време на инспекцискиот надзор, на координативни состаноци врши анализа на ризикот врз основа на утврдени критериуми согласно закон и утврдува потреба од координирање на инспекциски надзори со други инспекциски служби и органи.

Проценката на очекуваната состојба од областа на инспекциски надзор од аспект на ризиците за неприменување на прописите се базира пред сè на претходното искуство од инспектирање на субјектите и анализа на примената на законите од областа на животната средина, заштита на природата и водите, од формирањето на инспекторатот во 1996 година па се досега, цели 19 години, со посебен осврт на последните 5 години.

Генерално, очекувањата се дека најголем број на субјектите ќе бидат усогласени со барањата од законските одредби, но посебно треба да се истакнат одредени слабости во условите кои се наведени во ИСКЗ дозволите во надлежност на ДИЖС (кои треба да бидат надградени и усогласени), како и други барања кои произлегуваат од законодавството (согласно динамичкиот распоред и датумите за нивно спроведување дадени во одредени закони).

Очекувањата се темелат на неколкуте т.н ревизии (Peer Review-a) од страна на ECENA Мрежата за Инспекциските служби за животна средина со кандидатски статус во периодот од повеќегодишната работна програма 2005-2007 година, потоа Извештајот за Проценка за состојбата со животната средина која е правена од страна на RENA-Регионалната Мрежа за животна средина во перидот од 2011-2013 година, двата извештаи од Економската Комисија за Европа-Обединети Нации Женева првиот во 2002, вториот во

2012 година (Ревизии за перформансите на Република Македонија во животната средина), Проектот за процена и зајакнување на административните капацитети за управување со животната средина имплементиран од РМ-Р.Ирска и GOPA 1999, 2002, потоа редовните годишни извештаи за Прогресот на РМ во месец октомври секоја година, Поглавје 27-Животна средина од страна на ЕУ, Извештаите на Регионалниот Центар за животна средина за Централна и Југоисточна Европа со седиште во Сентендре, 2005, 2006, 2007, 2008, 2009 година, Унгарија за степенот на транспонирање, имплементација и спроведување на законодавството од областа на животната средина, Проектот за ИСКЗ, изготвување на пилот еколошки дозволи и градење на систем за управување со ИСКЗ во 2002-2003 година, потоа Анализи на невладин Сектор за спроведување на ИСКЗ системот во пракса, Состојба со ИСКЗ на централно и локално ниво, посебни анализи на ЗЕЛС (2010-2011-2012 година), Проект за спроведување на системот за оцена на влијанијата врз животната средина, GIZ-Германија (2012-2013 година), како и многу други проекти каде ДИЖС е инволвиран во насока на подобрување на перформансите.

Најважно е да се истакне дека искуството од деценија и пол од вмрежувањето (BERCEN, ECENA, RENA, ECRAN, IMPEL, THEMIS, INECE-Меѓународна Мрежа на специјалисти за спроведување на законодавството од целиот свет, REC, EUPOL-Мрежата за криминал во животната средина, INTERPOL-Поддиректоратот за криминал во животната средина, ILEA-Тренинг Академија на САД во Будимпешта, Тренинзи на FBI I Американската EPA-Агенција за животна средина во делот за криминал во животната средина), односно учества на разни работилници, тренинзи, конференции, студиски патувања, реализирани TAIEX настани дома и странство (ИСКЗ, Севесо, Медицински отпад, Електронски отпад, Бучава, Регистар на Загадувачи, Криминал во животна средина, Големи согорувачки капацитети), каде во неколку наврати-3 ДИЖС беше целосен организатор, од 2004 година досега, што е непроценливо искуство, а секако системот за Тренинг на Тренери дава гаранција и е добар појдовен основ за зголемување на степенот на спроведување на законодавството.

## IX. ДЕФИНИРАЊЕ НА РИЗИЧНИ ОБЛАСТИ

При вршење на инспекциски надзор постојат ризици од различна природа:

- Ресурси (човечки и материјално технички),
- Институционални,
- Видот и сложеноста на надзорот.

Прегледот на меѓународните процедури за вршење на инспекција во животната средина покажуваат дека клучна улога во развој на стратегијата за вршење на надзор е во одредувањето на приоритетни активности за вршење на надзор над субјектите кои припаѓат на високоризични компании и субјекти со „лоша“ историја на почитување на законските прописи и пристап заснован на процена на ризикот на вршење на надзор, со овозможување на одредување на приоритети за успешна примена на законодавството.

За таа цел, Државниот Инспекторат за животна средина како резултат од тековниот Твининг проект планира усвојување на т.н. Метода на интегрирана проценка на ризикот (IRAM), метода која е развиена од страна на Мрежата на Европската Унија за имплементација и спроведување на законите од областа на животната средина (IMPEL). Овој модел подразбира систематски пристап на контрола на субјектите кои на својата локација вршат исклучително комплексни активности, со значителни емисии во сите медиуми на животната средина. Методологијата се состои од процена на емисиите (воздух, вода, отпад, бучава, миризба), комплексноста на активностите, локацијата (чувствителност на медиумите на животна средина), степенот на усогласеност со законските прописи, како и системот на управување на операторите за секој субјект.

Предмет на инспекцискиот надзор ќе биде исполнување на условите од еколошките дозволи и имплементирање на стандардите за почисто производство целосен мониторинг на медиумите од областа на животната средина, условите наведени во Елаборатите за заштита на животната средина, Водостопанските Дозволи за зафат и испуштање на водите, односно Плановите за заштита на Националните Паркови и Дозволите од областа на управувањето со отпадот, евиденција и правилно постапување со сите текови на отпад, (батерии и акумулатори, електронски и електричен отпад, отпад од пакување, идентификациони и нтранспортни формулари и извештаи за постапување со отпадот).

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

## Ризични области

Ризичните области кои ќе бидат предмет на инспекциски надзор во текот на 2016 година се идентификувани во следниве области :

- Управување со опасен отпад (отпадно масло, батерии и акумулатори, електронски и електричен отпад и друго)
- Управување со неопасен отпад (складови со метален отпад и промет со забранети предмети и материјали)
- ИСКЗ дозволи (контрола на условите наведени во дозволите)
- Елаборати за животна средина (контрола на условите во елаборатите)
- Заштитени подрачја на природата (контрола на субјектите кои управуваат со заштитените подрачја и реализација на плановите за управување, недозволено депонирање на отпад на територијата на заштитеното подрачје, појава на пожари, недозволено собирање на заштитени животински и растителни видови),
- Управување со пакување и отпад од пакување.
- Заштита на водите од загадување и управувањето со водите од водостопански аспект, водостопански дозволи за зафат и испуштање на водите..

Критериумите врз основа на кои се дефинираат ризичните области се базираат врз субјектите кои припаѓат на високоризични компании и субјекти со „лоша“ историја на почитување на законските прописи,како и пристап заснован на процена на ризикот на вршење на надзор, со овозможување на одредување на приоритети за успешна примена на законодавството.

Принципот на превенција има исто така висок степен на застапеност при одредување на критериумите за определување на ризичните области.

-

## X. ИДЕНТИФИКУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА РИЗИКОТ

Државниот Инспекторат за животна средина во изминатите 8 години, како полноправна членка на Мрежата на Европската Унија за имплементација и спроведување на законите од областа на животната средина (IMPEL) од 2006 година па се досега, зеде активно учество во Проектот за развивање на моделот IRAM, од каде како резултат произлезе превод на македонски јазик на софтверската апликација на моделот.

За целосна примена на овој модел за идентификување и утврдување на ризикот во планирањето на инспекциски надзор, потребно е воспоставување на стабилен и релевантен систем на инвентаризација на сите субјекти, што веќе се реализира со помош на странски експерти преку Твининг Проектот, а ги опфаќа инспекторите за животна средина на двете нивоа, централно и локално ниво.

## XI. КРИТЕРИУМИ ЗА ДЕФИНИРАЊЕ СЛОЖЕНОСТ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

Инспекцискиот надзор може да се подели на три категории и тоа на:

- низок степен на сложеност;
- среден степен на сложеност и
- висок степен на сложеност.

Директорот на Државниот Инспекторат за животна средина со акт ги пропишува коефициентите на сложеност на категориите за инспекциски надзор.

- Q1 - со вредност 1
- Q2 - со вредност 2
- Q3 - со вредност 3
- Q4 - со вредност 4
- Q5 - со вредност 5
- Q6 - со вредност 6
- Q7 - со вредност 7
- Q8 - со вредност 8
- Q9 - со вредност 9
- Q10 - со вредност 10

Сложеноста на инспекцискиот надзор за спроведување на законодавството од областа на заштитата на животната средина, водите и природата се подведува под квантитативните критериуми како што се:

- вид и број на субјектите кои се предмет на инспекциски надзор (кога се работи за субјекти кои имаат сложена или едноставна сопственичка, управувачка и организациска структура);
- обем на прописи кои се предмет на инспекцискиот надзор (сите три типа инспектори имаат обврска континуирано да ги следат и странските/меѓународните прописи од предметната област за кои Република Македонија согласно НПАА презела обврска дека ќе ги транспонира, применува и спроведува во пракса);
- времето потребно за вршење на инспекцискиот надзор зависно од видот на инсталацијата и
- висината на глобата што може да се изрече за прекршување на прописите за заштита на животната средина од страна на различни субјекти што го сториле прекршувањето.

Инспекторатите имаат водич/софтверска база на податоци за базична фреквенција на надзорите во зависност од видот на индустрија.

Разликата мора да биде направена помеѓу планирачките аспекти кои може да бидат под влијание на инспекторот лично (индивидуално планирање на надзорите) и аспектите кои имаат влијание врз самиот надзор/и и се детерминирани од инспекторот (целосно планирање на надзорот).

Водичот за фреквенција на надзорите кој е изработен врз основа на темелни деценииски искуства на инспекциските служби за животнта средина во ЕУ.

Планот за фреквенција на надзорите и нивното времетрање во РМ како појдовна водилка го користи токму наведениот Водич од ЕУ. На пример инсталации кои имаат поголемо влијание врз животната средина согласно одреден број на индикатори или т.н инсталации со горен праг или големи инсталации ќе бидат условно кажано инспектирани повеќе денови и за реализација на надзорите кај овие субјекти ќе биде потрошено повеќе

време односно часови на припремни административни активности, надзор и изготвување на извештај или одреднеи акти во инспекциска постапка по завршувањето на надзорот на лице место.

Индустриските гранки, односно дејности каде согласно надзорите од претходните години се детерминирани поголеми повреди на легислативата, исто така ќе бидат предмет на засилен, односно пофреквентнен надзор.

Надзорите во големите инсталации побаруваат повеќе време за надзор во однос на условно помалите инсталации и побаруваат пристап на т.н интегрирани-координирани надзори кои се реализираат со повеќе надлежни инспекциски служби како што е тоа добра пракса во партнер инспекторатите за животна средина во земјите членки во ЕУ, како и во нашето соседство, Србија и последната членка на ЕУ, Хрватска.

Времето за надзор вклучува:

- припрема за надзор на лице место

-надзор на лице место

-процесуирање на заклучоци од надзорот

-продолжување на активности.

## XII. КРИТЕРИУМИ ЗА ИДЕНТИФИКУВАЊЕ СУБЈЕКТИ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Идентификувањето на субјекти на инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за животна средина се врши согласно: изготвени анализи, извештаи од надлежни институции и информации по извршени

инспекциски надзори по даден основ согласно Годишната програма за работа и примена на законската и подзаконската регулатива.

Критериумите за утврдување на ризиците се базираат врз :

- систематски пристап на контрола на субјектите кои на својата локација вршат исклучително комплексни активности, со значителни емисии во сите медиуми на животната средина.
- методологијата за процена на емисиите (воздух, вода, отпад, бучава, миризба),
- комплексноста на активностите,
- локацијата (чувствителност на медиумите на животна средина),
- степенот на усогласеност со законските прописи,
- системот на управување на операторите со субјектот,
- еколошкото „однесување“ на субјектите во минатото.

Треба да се напомене дека согласно систематизацијата на работни места во Државниот инспекторат за животна средина има само еден главен инспектор-раководител на Сектор за водостопанска инспекција, а местото на главен инспектор-раководител на Сектор за инспекциски надзор во животна средина и природата не е пополнето.

Од 6 подрачни одделенија, за позицијата на виш инспектор-раководител на одделение, само подрачното одделение Скопски регион е пополнето, додека другите не.

Директорот на Државниот инспекторат за животна средина пропишува 10 категории-коефициенти на сложеност на надзори. Поддолу е дадено детално образложение и критериумите врз основа на кои се пропишани 10 коефициенти на сложеност, пошитувајќи го дадените 4 главни критериуми и 10-те подкритериуми.

1. **Q1-вредност 1** е направена за субјекти на кои се врши инспекциски надзор согласно :
- Закон за хемикалии,
- Закон за генетски модифицирани организми.

Главна причина заради која е доделен овој коефициент на сложеност на субјекти согласно надлежностите од Закон за хемикалии е заради лимитираните надлежности на државните инспектори за животна средина дадени во овој закон, каде главно носители на надлежност се инспекторите за хемикалии, како и дел од државните санитарни и здравствени инспектори.

Исто така, надлежностите од Законот за генетски модифицирани организми кои се однесуваат на државните инспектори за животна средина во моментот се делумно применливи заради тоа што недостасуваат подзаконски акти и органи кои треба да се формираат за спроведување на овој закон.

2. **Q2-вредност 2, Q3-вредност 3 и Q4-вредност 4** е направена за субјекти на кои се врши инспекциски надзор согласно :

- Закон за управување со пакување и отпад од пакување,
- Закон за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори,
- Закон за управување со електричен и електронски отпад,
- Закон за заштита од бучава во животна средина.

Во оваа група на субјекти процентот на предметниот критериум кој се однесува на „Обем на прописи кои се предмет на надзорот“ е определен на 30 % од вредноста кај сите три категории.

Растечка тенденција од 20, 25 до 30 % од учеството во вредноста , соодветно за секој коефициент, а се однесува за предметниот критериум „Време потребно за инспекциски надзор“ се должи на различното времетраење на подкритериумот „Време за теренски инспекциски надзор“ кој представува збир од времетраењето на патувањето до локацијата на субјектот (и назад) и времетраењето на увидот на лицеместо. Согласно оддалеченоста до субјектот и времетраењето на патувањето е направено групирање во три категории и тоа : до 1 час, до 2 часа и до 3 и повеќе часа, кои се додаваат на времетраењето на увидот на лице место кој е фиксиран на 1 час. За овие коефициенти на сложеност, времето за подготовка на инспекцискиот надзор е определено на 0,5 часа, , а времето за подготовка на записник е 1 час. За другите подкатегории кои се однесуваат на времето за подготовка на решение, заклучок, едукација, мандатна казна, платен налог, прекршочна и кривична пријава се определени фиксни вредности кои се исти за сите 10 коефициенти на сложеност. Износот на предвидената глоба е од 20.000 до 30.000 евра според законите.

3. **Q5-вредност 5**, **Q6-вредност 6** и **Q7-вредност 7** е направена за субјекти на кои се врши инспекциски надзор согласно :

- Закон за заштита на природата,

- Закон за животна средина (Елаборати за заштита на животната средина и друго),
- Законот за управување со отпад (управување со неопасен отпад),
- Закон за квалитет на амбиенталниот воздух,
- Закон за минерални суровини.

Во оваа група на субјекти процентот на предметниот критериум кој се однесува на „Обем на прописи кои се предмет на надзорот“ е определен на 30 % од вредноста кај сите три категории.

Растечка тенденција од 20, 25 до 30 % од учеството во вредноста , соодветно за секој коефициент, а се однесува за предметниот критериум „Време потребно за инспекциски надзор“ се должи на различното времетраење на подкритериумот „Време за теренски инспекциски надзор“ кој претставува збир од времетраењето на патувањето до локацијата на субјектот (и назад) и времетраењето на увидот на лицеместо. Согласно оддалеченоста до субјектот и времетраењето на патувањето е направено групирање во три категории и тоа : до 1 час, до 2 часа и до 3 и повеќе часа, кои се додаваат на времетраењето на увидот на лице место кој е фиксиран на 1 час. За овие коефициенти на сложеност, времето за подготовка на инспекцискиот надзор е определено на 0,5 часа, , а времето за подготовка на записник е 1 час. За другите подкатегории кои се однесуваат на времето за подготовка на решение, заклучок, едукација, мандатна казна, платен налог, прекршочна и кривична пријава се определени фиксни вредности кои се исти за сите 10 коефициенти на сложеност. Износот на предвидената глоба е до 20.000 евра според законите.

4. **Q8-вредност 8, Q9-вредност 9 и Q10-вредност 10**, е направена за субјекти на кои се врши инспекциски надзор согласно :

- Закон за животна средина ( интегрирани еколошки дозволи),
- Законот за управување со отпад ( субјекти кои управуваат со опасен отпад),
- Законот за водите (комплексен закон во надлежност на инспектори за водостопанство и за животна средина),
- Закон за контрола на емисии од испарливи органски соединенија при користење на бензини (контрола на емисии од исклучително опасни и запаливи материи)

Во оваа група на субјекти процентот на предметниот критериум кој се однесува на „Обем на прописи кои се предмет на надзорот“ е определен на 40 % од вредноста кај сите три коефициенти, пред сѐ заради обемноста на законите и подзаконите, комплексноста на субјектите и контактот со опасни и запаливи материи и супстанци и опасен отпад.

Растечка тенденција од 20, 25 до 30 % од учеството во вредноста , соодветно за секој коефициент, а се однесува за предметниот критериум „Време потребно за

инспекциски надзор“ се должи на различното времетраење на подкритериумот „Време за теренски инспекциски надзор“ кој претставува збир од времетраењето на патувањето до локацијата на субјектот (и назад) и времетраењето на увидот на лицеместо. Согласно оддалеченоста до субјектот и времетраењето на патувањето е направено групирање во три категории и тоа : до 1 час, до 2 часа и до 3 и повеќе часа, кои се додаваат на времетраењето на увидот на лице место кој е определен на 3 часа.

За овие коефициенти на сложеност, времето за подготовка на инспекцискиот надзор е определено на 1 час, а времето за подготовка на записник е 2 часа. За другите подкатегории кои се однесуваат на времето за подготовка на решение, заклучок, едукација, мандатна казна, платен налог, прекршочна и кривична пријава се определени фиксни вредности кои се исти за сите 10 коефициенти на сложеност. Износот на предвидената глоба е од 20.000 до 100.000 евра според законите.

***Инспекциски надзор во животната средина, природата и водите***

***Животна средина***

Главна активност на ДИЖС е да спроведе проверки, истраги и ревизии на локациите. Тие се три типа актвности:

-**превентивни** (во процесот на одобрение на ИСКЗ, т.н еколошки дозволи, авторизации, гранични вредности на емсии).

-**казнени** (наметнување казни, декомисионирање на операциите и актовностите) и

-**ремедијативни** (наметнување активности за ремедијација заради елиминирање на недостатоците и нивните причини).

Некоја повреда на постоечката легислатива за животната средина и природата е водена со административни процедури од страна на ДИЖС. Тоа се следните типови процедури:

-**казнена** (казни)

-**ремедијациона** (акции за ремедијација, отстапување/ка).

Инспекцискиот надзор се врши како:

- **редовен**,

- **контролен** и

- **и вонреден инспекциски надзор.**

Медиумите **Воздух, Вода** и Областа управување со **Отпад-опасен отпад** ќе бидат од посебен приоритет во текот на целата 2016 година, на ова се надоврзуваат и Задолженија од Комитетот за решавање на проблеми сврзани со управувањето со отпадот и Комитетот за здравје и животна средина.

Квалитетот на амбиентниот воздух во целата држава, посебно во Скопје, Битола и Тетово, како и нивото на емисии од големите согорувачки капацитети (енергетика и металургија) ќе бидат предмет на засилени надзори во текот на целата 2016 година, посебно што во текот на 2014 година до 1 април се заокружи процесот на усогласување со оперативни надзори на централно и локално ниво согласно Законот за животната среидна.

Управувањето со отпадот, посебно делот за опасен отпад и целата палета на тематски закони покрај материјалниот, за управување со пакување и отпад од пакување, управување со електронски отпад и отпад од електрична опрема (одредби од законот ќе бидат во сила од 1 јануари 2015 година), како и управување со отпад од батерии и акумулатори, ќе биде во фокусот на вниманието на инспекциските надзори на Државниот Инспекторат за животна средина.

Засилен надзор ќе биде спроведуван во делот за управување со депониите (54) во однос на реализација на задачите пропишани со нивните програми и примената на на мерките за заштита од пожари, управување со отпадните индустриски и моторни масла, полихлорбифенилните масла, медицинскиот отпад, финалното депонирање на отпадот во депониите, индустрискиот отпад како и

отпад од искористени возила и примената на новата методологија за наплата на комунален смет.

Исто така акцент ќе се стави и на прекуграничниот транспорт на отпад, заеднички активности на граничните премини со Царинска Управа, Гранична Полиција, Координативен Центар за гранично управување и Државен Инспекторат за Транспорт.

***Природа***

Државните Инспектори за заштита на природата имаат надлежност во вршење на надзор на примената на Законот за заштита на природата и Законот за Генетски Модифицирани Организми.

Согласно Законот за заштита на природата, Државните Инспектори за заштита на природата, вршат надзор над примената на плановите за управување со следните заштитетни подрачја: 3 Национални Паркови (Галичица, Пелистер, Маврово), 4 строги природни резервати (Орнитолошки Резерват Езерани-Преспанско Езеро, Резерват-Тиквешко Езеро, Плоче Литотелми-Страцин, Големо Коњаре-Прилеп), 53 споменици на природата (Охридско, Преспанско, Дојранско Езеро, Кањон Матка, Маркови Кули, Смоларски и Колешински Водопади) и предели со посебни природни карактеристики (Катлановско Блато, Студенчишта-Охрид), Кожуф Планина, Нице, Мариово-Градешничка Река, Базалтни Плочи-Младо Нагоричане, Куманово, област Малесија-Струга, Демир Каписка Клисура, Бигла Планина-Демир Хисарско, Орлово Брдо-Криволак, Неготино, Куклица-Кратово, Тработивиште-Делчево (приириодни земјени столбови), Парк Шума Водно, Скопје, Шар Планина (предлог за нов Национален Парк, Малешевски Планини, Јакупица, Јудови Ливади-Пехчево.

Државниот Инспекторат за животна средина во текот на 2016 година континуирано ќе ги следи состојбите во областа, а особено состојбите во поглед на примената на законите и другите прописи со кои се обезбедува законитост и ефикасност во работењето на индустриските инсталации во поглед на заштитата на животната средина и управувањето со неа и согалсно тоа ќе презема мерки и активности за отстранување на недостатоците.

***Води***

Инспекциски надзор над примената на овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон го врши Државниот инспекторат за животна средина преку Водостопанските инспектори и Државните инспектори за животна средина. Подрачје на планиран инспекциски надзор се: водостопанства, јавни комунални претпријатија како и хидротехнички објекти (брани, јаловишта).

Во вршењето инспекциски надзор ќе се:

-изврши контрола и утврди дали правните лица кои управуваат со водостопанствата преземаат мерки и активностите потребни за заштита од штетното дејство на водите,

- изврши контрола и утврди дали правните лица кои управуваат со брани и акумулации и со заштитни насипи ги користат и одржуваат овој закон;

- изврши контрола и утврди дали правните лица кои управуваат со водостопанските објекти и постројки постапуваат согласно со дозволите за користење на вода и испуштање во води;

-контрола и увид врз експлоатацијата на минералните води;

-контрола и увид во работењето на браните и акумулациите во однос на користењето на водите и применувањето на техничките одредби;

-контрола на режимот на полнењето и празнењето на акумулациите, како и мониторингот врз браните и акумулациите и други контроли согласно Законот за води.

## XIII. ПЛАН НА МИНИМАЛНИ КВАНТИТАТИВНИ ЦЕЛИ

Планот на минимални квантитативни цели за број на очекувани на откриени неправилности по ризични подрачја, видот на инспекцискиот надзор, сложеноста и останатите елементи се дадени во Прилог 1 – Табеларен план на минимални квантитативни цели, како составен дел на оваа Програма.

Критериумите за утврдување на минималните квантитативни цели произлегуваат од областите во кои се преземаат активности за заштита на животната средина и од досегашните научени лекции и пракса во вршењето на инспекцискиот надзор од страна на Државниот Инспекторат за животна средина.

Инспекцијата е компилација односно збир на факти и бројки и правење опсервации. Таа, всушност претставува јасна мисија.

Пред извршувањето на инспекциските надзори, доброто планирање е круцијално. Понекогаш е потребно да се вложи повеќе напор при планирањето, отколку при самата реализација и времетраењето на самиот инспекциски надзор. Клучни задачи при планирањето на инспекцискиот надзор се:

- Поставувањето јасни цели за тоа што се очекувањата од инспекцискиот надзор;

- Познавањето на техничките аспекти, релеватната легислатива;

- Практична припрема за надзорот кој ќе се реализира на лице место, вклучувајќи и опрема и методи, како добри превентивно-заштитни аспекти.

Број на очекувани контроли на ниво на Државен инспекторат за животна средина за 2016 година се движи помеѓу 3500 и 4000 надзори, од кои 3500 редовни и контролни (базирано на досегашните искуства во последните неколку години), а околу 500 надзори би биле очекувани вонредни надзори врз основа на заклучоци на Влада и тела на Владата, како и по евентуални претставки или акциденти/инциденти. Од околу 100% планирано работно време околу 15-30% отпаѓа на евентуални вонредни надзори и усовршување на инспекторите преку реализација на тренинзи, учества на работилници, конференции дома и во странство.

Останати акти во инспекциска постапка за 2016 година поради начелата од Законот за инспекциски надзор за објективност, еднаквост и непристрасност при инспекциските надзори од областа на животната средина не се планираат однапред, посебно што пристапот на Државниот Инспекторат за животна средина

е едукативен, информативен и согласно едно од начелата на ЗИН е пред се превентивен.

***Надградување на информациите***

Одржливоста на информациите за субјектите кои се предмет на надзор е основна за Инспекторатот и инспекторот.

Дел од информациите кои се од есенцијално значење за квалитетен и сеопфатен надзор се:

- Редовнни надзори кои се спроведени од инспекторот. Државниот Инспекторат за животна средина решава за фреквенцијата на надзорите, врз основа на претходно сетирани приоритети.

- Сопствениците на инсталациите обезбедуваат информации околу промените во истите, а секогаш е добра основа надзорот за времетраењето на градбата за следење на сите промени, а со ова инспекторот е во состојба директно да советува и едуцира за аспектите на заштитата на животната средина. Секогаш е поефикасно и поевтино да се реализираат сите активности во насока на подобрувањето на перформансите за заштита на животната средина за времетраење на изведбената фаза отколку потоа, со што е запазено и начелото за превенција.

- Изведбената фаза е финализирана и субјектот стартува оперативно во согласност со ревидираната или новата еколошка дозвола.

- Случени еколошки инциденти.

- Како продолжување на надзорот (проверка ако состојбата на непридржување кон условите од дозволата била корегирана).

- По претставка или кога состојбата на непридржување кон условите од дозволата е суспедирана.

***Категории на инспекциски надзор***

Генерално, може да се одредат два вида инспекциски надзор и тоа:

- Интегрирани и
- Специфични надзори.

Интегрираните инспекциски надзори се оние каде сите законски одредби од законите од областа на заштитата на животната средина се проверени, вклучувајќи ги и еколочките дозволи и останати документи од предметната област.

Специфичните инспекциски надзори се реализираат за специфични задачи како на пример за степен на загадување на почвата, односно инспекциски надзори над специфични инсталации по согледување на нспекторатот, како на пример пречистителни станици за отпадни води.

Видовите инспекциски надзор покрај тоа што се применуваат при надзорите во државата, истите се применуваат во сите земји ќленки на ЕУ, кои се партнери на ДИЖС во Мрежата на Инспектори за животна средина на земјите членки на ЕУ и оние со кандидатски статус IMPEL (Implementation on Environmental Law/Мрежата за спроведување на законодавството за животната средина).

Државниот Инспекторат за животна средина планира за 2016 година реализација на интегрирани-координирани инспекции со останати инспекторати за 15 инсталации/субјекти од различна област и тоа животна средина ИСКЗ, СЕВЕСО и Елаборати за животна средина (различен тип индустрија: енергетика, металургија, рудник, живинарство, свињарство, производство на храна, асфалтна база), природа (Национален Парк) и води (водостопански објект).

За интегрираните видови надзори важат две методологии:

- Надзор на лице место и
- Надзор без посета на лице место, т.н административен дел од надзор.

- заеднички идни активности.

## XIV. ТОЧКИ ИЗЛОЖЕНИ НА РИЗИК

За следење на работењето на Државниот Инспекторат заа животна средина се дефинираат квантитативни и квалититативни индикатори

***-Мерливи индикатори-квантитативни индикатори***

Показатели за успешноста на работењето на Државниот Инспекторат за животна средина се мерат преку бројот на извршени инспекциски надзори, број на донесени решенија во инспекциска постапка, број на поднесени барања за поведување на прекршочна постапка, наплатени парични средства од издадени платни налози и покани за наплата на глоба и др.

***-Немерливи индикатори-квалитативни индикатори***

Државниот Инспекторат за животна средина својата превентивна функција ја остварува преку организирање на обуки и едукации во областа на заштитата на животнат средина, природата и водите. Крајната цел на превентивното дејствување е јакнење на јавната свест на индустриските оператори и зголемено почитување на законските прописи. Инспекторатот има значајна улога и во поглед на едукацијата и подигнување на свеста на граѓаните, како и запознавањењето со нивните права и обврски и начинот на нивно остварување.

Во овој дел ДИЖС ги користи расположливите електронски алатки (Интернет страната на МЖСПП) за нивно информирање.

Планираниот број на инспекциски надзори кои би требало да се извршат во текот на гоината е во тесна корелативна врска со условите за работа во Инспекторатот.

Состојбата затекната од моментот на осамостојувањето на ДИЖС од 1 Мај, 2014 година, покажува огромен број на органичувачки фактори кои го отежнуваат работењето и негативно влијаат на спроведување на планираните инспекциски активности. Дел од поакутните проблеми се следниве:

***Човечки и Буџетски Ресурси***

- Недоволен број на инспектори кои што можат да вршат надзор,
- Непостоење на цели одделенија со вработени предвидени според систематизацијата кои што треба да креираат предуслови за ефикасен инспекциски надзор (финансии, правни работи, интерна ревизија, управување со ризик итн.)
- Најважен фактор е сеуште во моментот на изготвувањето на оваа програма непознатиот износ на сума за буџет за 2016 година, што во голема мера ги скратува можностите за бројни надзори и ефикасност на самиот Инспекторатот во работењето, а согласно висината на Буџетот се направени и деталните планови за надзор кои реално може да се реализираат

***Материјални Ресурси***

- Сеуште невоспоставен софтвер со бази на податоци на деловни субјекти кои ќе овозможат соодветна анализа пред да се изврши инспекцискиот надзор
- Недостаток на елементарен канцелариски материјал за спроведување на инспекцискиот надзор во регионалните канцеларии

Сето претходно наведено е доволен број на органичувачки фактори кои што го оневозможуваат процесот на нормално извршување на работните задачи за остварување на проектираните цели.

| **Опис на ризик** | **Начин на злоупотреба** |
|---|---|
| Недоволно познавање на регулативата | -непостапување согласно одредбите од легислативата (закони, подзаконски акти, уредби),<br>-непознавање на прописите од предметната област. |
| Нарушување на непристрасност и објективност при вршење на надзор | -различен пристап кон правните субјекти кои се предмет на надзор,<br>-различен пристап во постапувањето при утврдувањето на прекрување на законските одредби и отпочнување на прекршочна или кривична постапка. |
| Недостаток на материјални ресурси | -целосно нереализирање на кварталните планови. |
| Недостаток на човечки ресурси | -немање на ефикасно спроведување на законодавството, одредена селективност при надзорите. |

## XV. НОВИ МЕРКИ ЗА ПОДДРШКА НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА

Како најважен елемент во инспекцискиот надзор е секако развојот на практични алатки т.н чек листи/листи за проверка кои во голема мера го олеснуваат инспекцискиот надзор и даваат јасна слика за понатамошни анализи и споредбени анализи.

Досега ДИЖС има развиено 15-тина листи за проверка за различен вид надзор, а со Твининг проектот се развиваат уште неколку листи за проверка како нови мерки за реализација на програмата.

Нови мерки што ќе бидат преземени за поддршка на реализација на Програмата ќе ги опфатат следните активности:

- Имплементирање и спроведување на Закон за Инспекцијата во животната средина (доколку истиот се усвои до крајот на 2015 година);
- измени и дополни на Правилникот за внатрешна организација на Државниот Инспекторат за животна средина;
- измени и дополни на Правилникот за систематизација на работите и задачите на Државниот Инспекторат за животна средина;
- кадровско пополнување на новоформираната организациони единици;
- обезбедување на буџетски средства наменети за работа на Државниот Инспекторат за животна средина;
- воспоставување на евиденции и бази на податоци за инспекциски надзор во посебен формат;
- едукација и тренинг на инспекторите.

Горенаведените мерки со соодветна поддршка на надлежните органи во Република Македонија ќе придонесат за зголемување на административниот и институционалниот капацитет, како и за зголемување на инспекцискиот надзор и управување со точките изложени на ризик.

## XVII. НАЧИН НА СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА

Следењето и оценувањето на реализација на Програмата ќе се врши врз основа на следење на реализацијата на месечните и кварталните планови за работа на секој инспектор поединечно, како и на сите инспектори во целина и врз основа на извештаите на инспекторите за спроведување на наведените планови.

Реализацијата на Годишната програма за работа на Државниот инспекторат за животна средина за 2016 година, ќе биде предмет на внатрешна контрола на Директорот, Раководителот на сектор и Раководителот на одделение, како и контрола од надлежни органи

(Државен Завод за ревизија и Државен Управен Инспекторат). За секој изминат квартал, Директорот на ДИЖС ќе одржи средби со раководителите на сектори/одделенија и Секторот за координација на работата на Инспекторатот во однос на динамиката и реализација на Годишната програма, со цел да се констатираат слабите и јаките страни од инспекциските надзори и другите активности. Врз основа на детектираните слаби страни ќе се изготви акциски план со препораки за надминување на истите.

Како индикатор за следење на реализацијата на програмата се:

- доставени извештаи од страна на управен инспекторат, државна и внатрешна ревизија,
- навремено изготвување на Информација согласно задолженијата кои произлегуваат од Програмата на Владата на Република Македонија,
- навремено изготвени извештаи за потребите на органи и тела во состав на МЖСПП и други институции,
- доставување на месечни извештаи изготвени од страна на државните инспектори во ДИЖС,
- постапување по иницијативи и задолженија согласно програмата.

Врз основа на индикаторите за следење на реализација на програмата ДИЖС изготвува критериум за оценување на реализација. Критериумот се изготвува по стандард за утврдување на квалитетот од извршената активност. Следењето се евидентира во инструмент за следење на реализацијата на поставените цели дадени во Стратешкиот план и програмата.

Исто така, ДИЖС во текот на 2016 година ќе воспостави систем за менторирање и комуникација меѓу вработените преку одржување на практиката на редовна размена на искуства во форма на состаноци и постојана електронска и мобилна комуникација, работни средби, зголемена мобилност на инспекторатот.

ДИЖС во текот на 2016 година планира да реализира и работни средби помеѓу Директор, Раководител на Сектор, раководители на одделенија, Државни инспектори и стручно-административен кадар.

За следење на реализацијата на Годишната програма и месечните оперативни планови ДИЖС во 2016 година ги планира следните работни средби и состаноци:

– Одржување дневни работни состаноци на Директорот на ДИЖС со Раководители на Сектори, Раководители на одделенија и други вработени,

- Одржување месечни состаноци на Директорот на ДИЖС со Раководител на Сектор, Раководители на одделенија
- Годишна работна средба со сите вработени на ДИЖС на која ќе бидат разгледани стручни прашања од тековното работење и прашања од областа на инспекциската служба за животна средина. На овој состанок ќе бидат поканети и претставници од организациите со кои ДИЖС тесно соработува,
- Директорот ќе врши редовни посети на подрачните одделенија на ДИЖС и организирани средби со директорите од одредени индустрии во текот на 2016 година.

Во текот на 2016 година согласно Годишната програма за работа, ДИЖС ќе врши континуиран професионален развој на Државните инспектори и другиот стручно-административен кадар преку спроведување на систем и програма за професионален развој на вработените односно, унапредување на знаењата и способностите со цел, квалитетно и ефикасно вршење на инспекцискиот надзор што е во согласност со стратегијата за понатамошно развивање на инспекцискиот систем во Република Македонија и добрата европска пракса.

За професионално усовршување во текот на 2016 година, се планирани низа обуки кои ќе оставаат белег во ефикасноста и стручноста во работењето на Државните инспектори и другиот стручно-административен кадар односно:

- Обука за примена на индикаторите при спроведување интегрална евалуација,
- Обука за активна настава/интерактивно учење, ИКТ, е-содржини,
- Обука за водење на Инспекциска постапка
- Размена на искуства со Инспекторатите за животна средина надвор од Република Македонија.

За реализација на Годишната програма ДИЖС има изготвено календар за раководење на процесите (на планирање и буџетирање, процес на постапување по преставки, процес на обезбедување на квалитет, процес на развој на кадарот и процес на инспекција).

Директорот на ДИЖС, раководителот на сектор, раководителите на одделенија и раководителот на тим го следат успешното спроведување на процесите кои се во нивна надлежност. Клучните показатели на работењето се вреднуваат годишно, полугодишно, квартално и месечно и за истите се изготвуваат посебни извештаи .

Календарот за раководење на процесите содржи индикатори и критериуми за оценување на реализација на процесите .

## АНАЛИТИЧКО-ИНФОРМАТИВНА АКТИВНОСТ

Државниот инспекторат за животна средина во текот на 2016 година ќе ги изготви следните активности:

Државниот Инспекторат за животна средина врз основа на извршениот инспекциски надзор во 2015 година ќе изготви

- 1. Извештај за работата на ДИЖС во текот на 2015 година
- **Рок: 31 Јануари 2016 година, согласно Законот за животната средина, по што истиот до 1 Март 2016 година ќе го достави до Инспекцискиот Совет.**

- 2. Годишна Програма за работа на ДИЖС за 2017 година.
- **Рок: 30 септември согласно Законот за инспекциски надзор, по што истата ќе ја достави на мислење до Инспекцискиот Совет.**

- 3. Информации до Влада на РМ, Комитети, за специфини надзори или по одреден заклучок.
- **Рок: Јануари-Декември 2016 година.**

- 4. Публикација на различен тип информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на Интеренет страната на ДИЖС.
- **Рок: Континуирано.**

- 5. Изготвување на Листи за проверка за вршење инспекциски надзор за различен тип индустриски инсталации.
- **Рок: Континуирано.**

- 6. Припрема на Извештај за ризици во животната средина.
- **Рок: За времетраење на Твининг Проектот.**

- 7. Припрема на Извештај за спроведливоста т.е степенот на практична примена на законодавството за животна средина.
- **Рок: За времетраење на Твининг Проектот.**

***Соработка со останати институции***

- ДИЖС партиципира во решавање на еко-инциденти и нивна превенција, вклучен е во процесот на издавање ИСКЗ дозволи односно, учествува со стручни мислења од инспекциски аспект по предлог закони и предлог подзаконски акти, ставови и извештаи за останати државни институции и други организации, а остварува континуирана соработка со Полицијата, Царинската Управа, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за Управување со кризи (Стандардни Оперативни процедури и Симулациски вежби), Армијата на РМ (НАТО вежби), Црвениот Крст, наставно-научните институции при Универзитетите во РМ и др. институции на централно, локално, регионално ниво како ЗЕЛС и општините во државата. Исто така ДИЖС соработува и со правосудните органи и Академијата за Судии и Обвинители.

- ДИЖС согласно Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер обезбедува пристап до истите и соработува со Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, а исто така целосно се почитуваат и законските одредби од Законот за заштита на личните податоци.
- Ваквата соработка, Инспекторатот ќе ја остварува и со Инспекцискиот Совет согласно законската рамка, со Државните Инспекторати и инспекциските служби на локално ниво пред се со Овластените инспектори за животна средина.
- Во рамките на ваквата соработка, по потреба ќе се организираат активности за заедничко делување и обуки, како и координирани инспекции за поефикасно спроведување на законодавството.
- **Рок. Континуирано.**

***Учества на домашни и меѓународни настани***

- Во 2016 година е планирано зајакнување на капацитетите на Инспекторатот со 12 лица (6 инспектори и 6 административни работници), доколку биде дадено одобрение за нивно вработување од страна на Владата на Република Македонија.
- Во план е одржување на 4 пилот инспекции, 4 работилници, 4 завршни работилници во рамки на Твиниг Проектот и реализација на едно студиско патување во април 2016 во Холандија.
- **Рок: Во текот на целата 2016 година.**

- Учество на настани оргагнизирани од ECRAN (Регионална Мрежа за спроведување на законодавството за животна средина и климатските промени на земјите со кандидатски статус), потоа IMPEL Мрежата на Инспектори за животна средина од ЕУ, каде сме полноправен член од мај 2006 година, THEMIS Мрежата за криминал во животната средина и

природата која продолжува со настани со вториот дел до септември 2017 година..

- Настани во РМ, TAIEX Програми, останати настани од други проекти, конференции, дебати, панел дискусии по закони и сл..
- **Рок: Континуирано.**

- Обука за водење инспекциска постапка, архивирање и деловодничко водење на документацијата, како и специјализирани обуки на сите Државни Инспектори од повеќе области.
- **Рок: Континуирано.**

Согласно Конвенцијата за прекугранично загадување, ДИЖС ќе потпише Меморандуми за соработка со Партнер Инспекторатите од соседството со кои ќе се договорат

ЗАВРШЕН ДЕЛ

Надлежноста за постапување по програмата се врши по налог на директорот на Државниот Инспекторат за животна средина, а спроведувањето на истата ја вршат инспекторите.

Предлагањето на измените или дополнувањата на донесената Програма се врши по предлог на инспекторите, раководната структура во Државниот Инспекторат за животна средина и директорот на Државниот Инспекторат за животна средина.

Надлежност и начин на следење на спроведувањето на Програмата е даден на директорот на Државниот Инспекторат за животна средина и на Инспекцискиот совет на Република Македонија.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Надлежност за анализирање и периодично оценување и информирање на раководството за статусот на реализација на Програмата го има директорот на Државниот Инспекторат за животна средина и Инспекцискиот совет на Република Македонија.

Начинот на запознавање на вработените со Програмата, вклучително и задолжувањето на раководителите да ги запознаат вработените со донесената Програма во организационите единици со кои раководат се врши на колегиум на раководната структура на Државниот Инспекторат за животна средина, а раководните државни службеници во Државниот Инспекторат за животна средина ги информираат останатите вработени во доменот на потребите за работа во одделението.

Одговорноста за постапување спротивно на Програмата ја имаат инспекторите, согласно Законот за инспекциски надзор и Законот за животната средина, Законот за заштита на природата и Законот за водите.

Годишната програма за работа на Државниот Инспекторат за животна средина за 2016 година стапува на сила по добивањето на позитивното мислење од страна Инспекцискиот совет.

Број: ____________

**Директор,**

30.12.2015 година

______________________

**Фирус МЕМЕД**